Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 22. 04. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numar | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2369/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Бране Петрушевски
2. Зоран Коцевски
3. Никола Кољановски
4. Зоранчо Ѓошевски
5. Драган Ковачки
6. Бојан Стојаноски
7. Александар Јаманов
8. Тони Ѓоргевски
9. Павле Атсоски
10. Љупчо Пренџов

2

В О В Е Д

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24 и 37/25) се уредува постапката за управување со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземените предмети во кривичната постапка и прекршочната постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот.

Едно од круцијалните прашања во овој закон е прашањето за постапување со привремено одземените предмети. Чувањето на овие предмети, се до правосилно завршување на постапката (која трае долг временски период) е сврзано со огромни трошоци, бидејќи подразбира пред се обезбедување на соодветен простор и услови за чување. Ова особено е предизвик со привремено одземените возила, за кои е неопходен огромен соодветен простор за чување, вршење физичко обезбедување на истите како и други услови, имајќи го предвид пред се големиот број на таков вид одземени предмети во тековните постапки. Чувањето на овие предмети е сврзано со поголеми трошоци, односно трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на предметот. Од друга страна пак, неспорен е фактот дека со тек на времето, се намалува пазарната вредност на возилата.

По правосилност на судската одлука, доколку со истата е изречено одземање на предметите, пазарната вредност на тие возила со текот на времето е сериозно, односно значително намалена во однос на нивната вредност во времето кога се одземени од лицето кога е започната постапката.

Со цел надминување на овие состојби се предлагаат решенија со кои се обезбедуваат услови за поголема ефикасност и економичност во работењето, од една страна, а од друга страна се овозможува надминување на сите сериозни предизвици со кои се соочуваат сите засегнати субјекти во врска со предметното прашање.

Со оглед на наведените причини, со предложената измена на членот 35 од законот, се регулира постапката во зависност од тоа дали се работи за одземени предмети кои се во промет и нивното управување е сврзано со поголеми трошоци, односно кога трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на предметот или се работи за предмети кои се надвор од промет. За првите, се предлага барање согласност од сопственикот, односно органот која ја донел одлуката. Ако одлуката ја донел судот, судот согласноста ја дава врз основа на произнесување, односно позитивно мислење од јавниот обвинител. По добивање на согласноста се врши проценка на вредноста на предметите и истите одат на продажба или согласно одлука на Владата, истите се отстапуваат на државен орган . Со Предлогот на закон се цени дека е неопходно потребно да се овозможи, со одлука на Владата да постои можност тие предмети да не бидат предмет на продажба и да бидат отстапени без надоместок на државните органи, што е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата. Од друга страна, со предложената законска одредба се овозможува Владата на државните органи да им обезбеди услови за повисок степен на ефикасноста во вршење на законски утврдениот делокруг на надлежности, како и јакнење на нивните капацитети.

Истовремено, ваквиот предлог не е на штета на лицето, ако е донесена правосилна одлука за враќање на предметите, бидејќи, ако се продадени, средствата ќе се вратат од

сметката, а ако се отстапени на државен орган, тој државен орган има обврска да му ги исплати средствата на лицето намалена за 7 % од проценетата вредност кои органот и ги исплаќа на Агенцијата. На овој начин не е нарушен ниту загрозен веќе утврдениот законски начин за финансирање на Агенцијата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на ова законско решение е надминување на состојбите со кои се обезбедуваат услови за поголема ефикасност и економичност во работењето, од една страна, а од друга страна се овозможува надминување на сите сериозни предизвици со кои се соочуваат сите засегнати субјекти во врска со предметното прашање.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 64/24 и 37/25), членот 35 се менува и гласи :

„Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети не може да бидат предмет на продажба или отстапување освен во случаите кога:

-управувањето со таквиот имот или предмети е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите или

- привремено одземените предмети се предмети надвор од промет.

Во случајот од ставот 1 алинеја 1 на овој член во рок од десет дена од прием на известувањето за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична или прекршочна постапка, Агенцијата се обраќа до сопственикот на имотот, односно предметите заради добивање согласност за продажба или отстапување. Доколку сопственикот не даде согласност или не се произнесе во рокот од ставот 4 на овој член, Агенцијата во рок од десет дена се обраќа за согласност до органот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно позитивно мислење од надлежен јавен обвинител. По добиената согласност, Агенцијата ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети.

Во случајот од ставот 1 алинеја 2 на овој член, во рок од десет дена од денот на прием на известувањето за привремено одземените предмети Агенцијата се обраќа за добивање согласност за отстапување до органот кој ја донел одлуката за привремено одземање на предметите во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно добиено позитивно мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласноста за продажба, односно отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, судот, органот, односно сопственикот на имотот, односно предметите ја дава во рок од 15 дена од приемот на барањето од Агенцијата.

Агенцијата врз основа на добиената согласност од ставот 4 на овој член:

- ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети или

- согласно одлука на Владата на Република Северна Македонија, привремено одземените предмети ќе ги отстапи на државен орган. Привремено одземените предмети кои се надвор од промет може да се отстапат само на државните органи од областа на безбедноста и одбраната, органите надлежни за гонење и правосудната полиција.

Одлуката за продажба односно одлуката за отстапување од ставот 5 на овој член, Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на добиената согласност.

За привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети заради причините од ставот 1 алинеја 1 на овој член, Агенцијата во рок од десет дена од добиената согласност, обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или од

Бирото за процена.

Постапката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети се спроведува согласно одредбите на членовите од 40 до 53 од овој закон.

Во случаите кога имотот од ставот 1 на овој член не може да се продаде ниту по третиот обид, истиот може да се отстапи во согласност со одредбите од членовите 54 и 56 од овој закон.".

Член 2

Во членот 38 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е отстапен согласно членот 35 став 5 алинеја 2 на овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот на сопственикот му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена согласно со членот 35 став 7 од овој закон, намалена за 7 % од направената процена на вредноста на предметот, кои на сопственикот му ги исплаќа Агенцијата, согласно членот 65 став 2 алинеја 2 од овој закон.".

Во ставот 3 кој станува став 4, бројот 5 се заменува со бројот „7".

Член 3

Во член 65 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, од процентот на продажбата на одземениот имот, како и од процентот на проценетата вредност на предметот од членот 35 став 1 алинеја 1 на овој закон, кој е отстапен на државен орган согласно член 35 став 5 алинеја 2 на овој закон.

За потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот имот:

- Агенцијата задржува 7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, како и 100% од средствата од закупнина согласно со членот 57 од овој закон и

- Кога заради причините од членот 35 став 1 алинеја 1 од овој закон, предметот е отстапен согласно член 35 став 5 алинеја 2 од овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот е должен на Агенцијата да и уплати 7% од направената процена согласно со членот 35 став 7 на овој закон.".

Член 4

Во членот 73 став 2 зборовите: „ставови 2 и 4" се бришат.

Член 5

Во членот 75 став 1 зборовите: „ставови 2 и 4" се заменуваат со зборовите: „ставови 2, 3 и 6".

Во став 2 зборовите: „ставови 2 и" се заменуваат со зборот „став".

Во став 3 бројот „3" се заменува со бројот „4".

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка е систематизиран во 6 члена.

Со член 1 се предлага измена на членот 35 од законот, така што се регулира постапката во зависност од тоа дали се работи за одземени предмети кои се во промет и нивното управување е врзано со поголеми трошоци, односно кога трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на предметот или се работи за предмети кои се надвор од промет. За првите, се предлага барање согласност од сопственикот, односно органот кој ја донел одлуката за привремено одземање на предметите. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот согласноста ја дава врз основа на произнесување, односно позитивно мислење од јавниот обвинител. По добивање на согласноста се врши проценка на вредноста на предметите . Со овој член се предлага, проценетите предмети да можат да одат на продажба или согласно одлука на Владата, истите да можат да се отстапат на државен орган, а само во случај кога тие предмети се предмети надвор од промет, да може да се отстапат само на државните органи од обласа на безбедноста, органите надлежни за гонење и на правосудната полиција. Ваквото решение е економски оправдано од аспект на Буџетот на државата, а од друга страна истовремено се овозможува Владата на државните органи да им обезбеди услови за повисок степен на ефикасноста во вршење на законски утврдениот делокруг на надлежности, како и јакнење на нивните капацитети. Во оовј член се пропишани и роковите за постапување на сите инволвирани субјекти. Во контекст на наведеното, за предметите кои се надвор од промет, согласноста се бара од органот, односно судот кој ја донел одлуката за одземање.

Предложеното решение во членот 35 не е на штета на лицето од кое се одземени предметите ако е донесена правосилна одлука за враќање на предметите кои се отстапени на државен орган. Имено со членот 2 од од овој Предлог се регулира дека во тој случај, државниот орган на кој му се отстапени предметите има обврска да му ги исплати средствата на сопственикот намалена за 7 % од проценетата вредност кои органот и ги исплаќа на Агенцијата, а Агенцијата го враќа тој износ од 7% на сопственикот.

Во членот 3 од Предлогот децидно се регулира дека во случај на отстапување на привремено одземените предмети на државен орган, согласно условите на овој закон, државниот орган е должен на Агенцијата да и уплати 7 % од направената процена. На овој начин не е нарушен ниту загрозен веќе утврдениот законски начин за финансирање на Агенцијата,

Како последица на интервенциите во членовите 35 и 38, се предлага и соодветна интервенција во членовите 73 и 75 (членови 4 и 5 од Предлогот).

Со член 6 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат услови за поголема ефикасност и економичност во работењето, од една страна, а од друга страна се овозможува надминување на сите сериозни предизвици со кои се соочуваат сите засегнати субјекти во врска со предметното прашање.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Продажба или отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предметиа

### Член 35

Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети не може да бидат предмет на продажба, освен во случаите кога управувањето со таквиот имот е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите или во случаите кога лицето од кое е одземен недвижниот имот дал писмена согласност за продажба, а со цел зачувување на вредноста на недвижниот имот.

Агенцијата со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка, или со добиена согласност од сопственикот на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка, доколку процени дека со чувањето се намалува нивната вредност или трошоците за нивно чување се несразмерно големи. Барањето за претходна согласност за продажба и отстапување, Агенцијата го доставува до судот кој донел одлука за привремено одземање имот и привремено одземање предмети во кривична постапка во рок од десет дена од денот на известувањето за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка.

Согласноста за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична постапка судот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на Агенцијата.

Агенцијата по примено известување од судот или од органот кој донел одлука за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во прекршочна постапка ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во прекршочна постапка доколку процени дека со чувањето на имотот или предметите се намалува нивната вредност или трошоците за нивно чување се несразмерно големи. Одлуката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети во прекршочна постапка Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка.

Во случајот од ставовите 2 и 4 на овој член, Агенцијата во рок од десет дена обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или од Бирото за процена.

Агенцијата ги известува Судскиот совет на Република Северна Македонија и претседателот на судот заради покренување на постапка за утврдување одговорност за судија за непостапување по однос на барањето за согласност за продажба, согласно со ставот 3 на овој член.

Постапката за продажба на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети се спроведува според одредбите од членовите 40 до 53 од овој закон.

Во случаите кога имотот од ставот 1 на овој член не може да се продаде ниту по третиот обид, истиот може да се отстапи во согласност со одредбите од членовите 54 и 56 од овој закон.

Уплата на средствата од продажба и отстапување на привремено одземен имот или привремено одземени предмети

Член 38

Средствата добиени од продажбата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, согласно со членот 35 од овој закон, се уплатуваат на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на имотот или предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата, коешто се депонирани и чувани на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата од ставот 1 на овој член.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен имот или привремено одземени предмети согласно со членовите 35, 36 и 37 од овој закон, Агенцијата на сопственикот му ги враќа отстапените предмети или доколку тоа не е можно, поради природата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена согласно со членот 35 став 5 од овој закон од Буџетот на Република Севрна Македонија.

Буџет, средства за работа на Агенцијата и поделба на средствата од продажбата на одземениот имот

Член 65

Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, како и од процентот на продажбата на одземениот имот. За потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот имот, Агенцијата задржува 7% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата, како и 100% од средствата од закупнина согласно со членот 57 од овој закон.

Средствата се уплаќаат на начин што по спроведената продажба, купувачот е должен 7% од вредноста да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата, а останатите 93% е должен да ги уплати на друга пригодна шифра на депозитната сметка од која ќе се изврши трансфер во корист на Буџетот на Република Северна Македонија.

По 2% од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот, од Буџетот на Република Северна Македонија се пренесуваат на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и на Царинската управа.

Постапка со стари возила

Член 73

Привремено одземените предмети што се состојат во моторни возила кои се одземени повеќе од 10 години или се во голема мерка уништени и неупотребливи врз

основа на проценка согласно со закон, како и врз основа на утврдената вредност согласно со членот 29 од овој закон, како и хаварисани моторни возила постари од 20 години отстапени или предадени на чување на Агенцијата, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите 40 до 52 од овој закон, без оглед на фактот дека сè уште трае кривичната или прекршочната постапка, односно не е донесена одлука за трајно одземање од страна на надлежниот суд или органот што ја води прекршочната постапка.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен предмет согласно со членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон, на сопственикот му се исплаќаат средствата добиени од продажбата на предемтите од ставот 1 на овој член од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

Одземените предмети и конфискуван имот што се состојат во моторни возила постари од 20 години или се во голема мерка уништени или неупотребливи или немаат никаква документација или не може да се идентификуваат поради хаварисаност, врз основа на проценка согласно со сметководствените стандарди уредени со закон и домашни и меѓународни сметководствени стандарди, како и врз основа на утврдената вредност во членот 29 од овој закон, се продаваат со јавно наддавање согласно со постапката уредена во членовите од 40 до 52 од овој закон.

## ГЛАВА VIII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 75

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Директорот на Агенцијата ако постапи спротивно на членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон.

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на административниот службеник во органот ако постапи спротивно на членот 35 ставови 2 и 4 од овој закон.

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на судскиот службеник во органот ако постапи спротивно на членот 35 ставот 3 од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако постапи спротивно на членот 31 од овој закон.